Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 10-та седница одржана на ден 27.05.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за исплата на еднократен надоместок на секој студент на територија на Општина Старо Нагоричане**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висина на исплата на еднократен надоместок на секој студент од Општина Старо Нагоричане, пријавување, начин на доделување на еднократен надоместок, права и обврски на примателите, како и други прашања кои се однесуваат на начинот на доделување и исплата на еднократен надоместок.

**Член 2**

Предлог за доделување на еднократен надоместок дава Комисијата за разгледување на барања за еднократен надоместок на студенти од Совет на Општина Старо Нагоричане формирана од Советот на Општина Старо Нагоричане (во натамошен текст „комисијата"), и советот на Општина Старо Нагоричане носи поединечна одлука за доделување на еднократеn надоместок на студентот.

**Член 3**

Висината на еднократен надоместок кој ќе се исплаќа од средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане на барателите ќе изнесува најмногу 12.000 денари во текот на студирањето на студентот.

**Член 4**

Право на еднократен надоместок имаат кандидатите кои студираат на факултетите во Република Северна Македонија а ги исполнуваат следните услови:

-Да се жители на Општина Старо Нагоричане,

-Да се државјани на Република Северна Македонија и

-Да се студенти запишани на додипломски или последипломски студии на факултетите во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Пријавување за еднократен надоместок за студенти од Буџетот на Општина Старо Нагоричане се врши со пополнување на пријава – образец утврден од комисијата. Пријавата заедно со другите обрасци може да се подигне од архивата или веб страна на Општина Старо Нагоричане.

Пријавата со комплетна документација се поднесува до комисијата.

Подносителот на пријавата е должен со пријавата да достави:

-Потврда за жителство на Општина Старо Нагоричане (лична карта или патна исправа на увид),

-Фотокопија од индекс,

-Потврда за запишана тековна учебна година издадена од соодветната високо – образовна установа,

-Фотокопија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија,

-Изјава дека сите податоци доставени со целокупната документација се вистинити и содржината на истите е вистинита заверена кај нотар.

**Член 6**

Комисијата се состанува по потреба и ги разгледува доставените пријави.

Ги утврдува комплетните и навремено доставените пријави и врши нивно рагледување.

Некомплетните и ненавремено доставени пријави Комисијата нема да ги разгледува и ќе бидат вратени на подносителите на пријавите.

**Член 7**

По разгледување на документите, комисијата изготвува извештај за својата работа и подготвува предлог – одлука до Советот на Општина Старо Нагоричане за избор на студенти на кои ќе им биде доделен еднократен надоместок.

Одлуката за избор и доделување на еднократен надоместок се објавува во службен гласник на огласна табла и на веб страна на општината.

**Член 8**

По донесувањето на одлуката, комисијата ги известува сите пријавени кандидати, додека на неизбраните им ги враќа приложените документи со пријавата.

**Член 9**

Незадоволните кандидати имаат право на приговор до комисијата, во рок од 3 (три) дена од приемот на одлуката за избор. Приговорот се поднесува во писмена форма.

Одлуката за приговор се доставува во рок од 5 (пет) дена од денот на доставувањето на одлуката.

Одлуката на комисијата е конечна.

**Член 10**

Корисникот а стипендијата е должен да склучи договор со општината со кој се уредуваат правата и обврските и начинот на исплата на еднократниот надоместок.

**Член 11**

Се задолжува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи одлука за исплата на еднократен надоместок на секој студент на територија на Општина Старо Нагоричане бр.08-166/13 од 26.02.2021 година(„Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“ бр.2/2021)

**Бр.08-9/121**
**27.05.2022 година**
**Старо Нагоричане**

**Совет на Општина Старо Нагоричане**
**Претседател,**
**Сашка Крстевска - Павловска**